БИМ а.д. Свети Николе, Ул.Железничка 164, 2220 Свети Николе
Тел. ++38932 455 377; Факс: ++38932 455 478
Претставништво Скопје ++38902 3213 421
mail:komercija@bim.com.mk; www.bim.com.mk

ТЕХНИЧКИ ЛИСТ Број: 4322

# БИКУТОП П 4 кг ЕКСТРА

**ОПИС:** Еластомерна хидроизолациона лента со високи перформанси, за објекти со специјална намена и посебни барања, произведена од високо квалитетна битуменска маса, оплеменета со еластомери (SBS), и влошка од полиестерски филц, заштитена од двете страни со полиетиленска фолија или со друг погоден материјал.

**СВОЈСТВА: БИКУТОП П 4 кг ЕКСТРА** е усогласен со МКС EN 13969 и МКС EN 13707. Лентата има голема атхезивност, отпорност на стареење, отпорност на UV зраци, поднесува големи дилатирања на објектот, издржлива е на притисок од подземни води, има голем дифузен отпор и стабилност на високи и ниски температури.

| КАРАКТЕРИСТИКИ | EN МЕТОДА | ЕДИНИЦА МЕРКА | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|---|
| Влошка | полиестерски филц | | |
| Површинска заштита | полиетиленска фолија/полиетиленска фолија | | |
| Должина | МКС EN 1848-1 | m | ≥ 10 |
| Ширина | МКС EN 1848-1 | m | ≥ 1 |
| Рамномерност | МКС EN 1848-1 | 20 mm/10 m | одговара |
| Маса | МКС EN 1849-1 | kg/m² | 4,0 ± 0,1 |
| Водонепропустливост | МКС EN 1928 | kPa | ≥ 60 |
| Паропропустност | МКС EN 1931 | μ | 20000 |
| Сила на кинење надолжно / попречно | МКС EN 12311-1 | N/50 mm | 750/550 - 30 |
| Издолжување при кинење надолжно / попречно | МКС EN 12311-1 | % | 40/40 ± 5 |
| Отпорност на високи температури | МКС EN 1110 | °C | ≥ + 110 |
| Флексибилност на ниски температури | МКС EN 1109 | °C | ≤ - 25 |
| Отпорност на кинење на клинец: надолжно / попречно | МКС EN 12310-1 | N | ≥ 200/200 |
| Реакција на оган | МКС EN 13501-1 | класа | E |
| Содржина на опасни материи | Анекс ЗА | - | не содржи |
| Отпорност на хемикалии | 1847-13707 Анекс C | - | отпорен |

**ПРИМЕНА: БИКУТОП П 4 кг ЕКСТРА** се применува за изведување на сите видови подземни и надземни хидроизолации, изолација на темели, покриви, проодни тераси, базени и слично. Погоден е за хидроизолација на секакви подлоги (бетон, челик, дрво и друго) и санација на рамни кровови. Во системот на хидроизолација може да се комбинира со други видови на битуменски ленти.
**ВГРАДУВАЊЕ:** Битуменската лента се вградува со заварување по целата површина и преклоп на лентите 10cm.

**СКЛАДИРАЊЕ И ТРАНСПОРТ:** Ролните се складираат во вертикална положба, во сув и покриен простор, заштитени од директно влијание на сонце. Во зимски услови пред употреба, ролните треба да бидат складирани најмалку 24 часа на температура ≥ +5 °C.
Ролните се транспортираат во вертикална положба. За исправен транспорт е одговорен превозникот.
**Системот за квалитет е усогласен со EN ISO 9001.**

Напомена: На барање на купувачите одредени карактеристики на производот може да се променат. Наведените податоци се валидни и се темелат на статистички контроли на квалитетот. За неправилен избор на битуменска лента за одредена намена и за неправилно вградување производителот нема одговорност. Производителот одговара за декларираниот квалитет.